# НЕМОЖНОСТ ДА СЕ ОСТВАРИ ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ЦЕЛОТО СЕМЕЈСТВО, АКО САМО ЕДЕН ЧЛЕН НЕМА ИЛИ ГО ИЗГУБИЛ СТАТУСОТ НА ЛИЦЕ ПОД СУПСИДИЈАРНА ЗАШТИТА ИЛИ НЕ ПОСЕДУВА ЕДИНСТВЕН МАТИЧЕН БРОЈ (ЕМБГ)

## СЛУЧАЈ 1:

Б.И. е лице (самохран родител) со прекината супсидијарна заштита во Македонија. Решение за запирање на супсидијарна заштита е донесено за неа и нејзиниот случај во моментов е во жалбената постапка. *De jure*, таа е се уште лице под супсидијарна заштита со важечка лична карта и единствен матичен број издадени од Министерството за внатрешни работи. Сепак, таа не може да го оствари правото на социјална парична помош за неа и за две од нејзините четири малолетни деца. Ова се должи на фактот дека две од нејзините деца, бидејќи се родени по добивањето на решението за прекинување на супсидијарна заштита на мајката, се без статус на лице под супсидијарна заштита и не поседуваат единствен матичен број.

Во случаи како овој, Секторот за азил при МВР одбива да определи статус и единствен матичен број за овие деца.
Од овој случај можеме да видиме дека ако само еден член на семејството не поседува статус, а со тоа не поседува и единствен матичен број, тогаш сите членови на семејството не можат да го остварат своето право на социјална парична помош во Р.М.

## ПРЕПОРАКА:

Центрите за социјална работа треба да го признаат правото на социјална парична помош за членовите на семејството кои се под супсидијарна заштита, бидејќи тоа право е загарантирано со домашното право. Фактот дека еден член на семејството е без статус или го губи правото на азил не треба да го загрози социјалниот аспект на другите членови кои сеуште се лица со признаено право на азил во Република Македонија. Во поглед на ова, Центрите за социјална работа треба да најдат начин на малолетните деца да им го признаат право на социјална парична помош, во согласност со **Законот за заштита на децата на Република Македонија** каде:

- **Член 4** предвидува: *"Во примената на одредбите на овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето"*
- **Член 22-а** предвидува:*"најдобриот интерес на детето треба да биде примарна грижа при спроведување на одредбите на овој закон"*

Дополнително членот 31 од Законот за азил и привремена заштита предвидува *"Врз основа на факти и докази утврдени во постапката, доколку двајцата родители се стекнале со статус на признаен бегалец или на лице под супсидијарна заштита, Секторот за азил може да донесе и решение со кое му се признава истиот статус на нивното малолетно дете кое е родено и живее на територијата на Република Македонија.*

*Во случај кога едниот родител се стекнал со статусот утврден во ставот 1 на овој член, Секторот за азил може да донесе решение на малолетно дете кое е родено и живее на територијата на Република Македонија со кое се признава право на азил, признаен бегалец или супсидијарна заштита."*